КИРМ
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 68 од Законот за извршување ( "Службен весник на Република Македонија" бр.35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10,171/10 и 148/2011), в.в со член 19 од Правилникот за работа на Стручниот совет на КИРМ, Управниот одбор на Комората на извршители на Република Македонија, по повод утврдените предлог-мислења на седница на Стручен совет на КИРМ од 20.12.2012 година, на осумдесет и четвртата седница одржана на ден 04.01.2013 година, го усвои следното

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 18-2
04.01 2013 год.
СКОПЈЕ

## ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

По барање на полномошникот-адвокат за исплата на средства остварени со извршувањето на извршната исправа врз основа на полномошно издадено на адвокат на сметката на адвокатот, извршителот треба да постапи врз основа на член 19 ст.2 од Законот за извршување согласно кој како јавна или според закон заверена исправа не се смета адвокатско полномошно или полномошно заверено кај нотар со кое се определува побарувањето на доверителот да се исплати на друго лице, па извршителот не може и не треба побарувањата врз основа на главно и споредно побарување да ги пренесе на сметка на полномошникот-адвокат.

Согласно чл. 35 став 4 од Законот за извршување извршителот е должен парите од реализираните извршувања кои се наоѓаат на посебната сметка, да ги префрли на сметката на доверителот веднаш, односно најдоцна првиот следен работен ден по реализираното извршување, освен во случај на негова болест или други оправдани причини, но не подолго од 15 дена од денот на реализираното извршување, па во случај кога на извршителот не му е доставена сметка на доверителот, извршителот треба да се обрати до доверителот и полномошникот со барање да достават трансакциска сметка на доверителот на која ќе бидат пренесени парите од извршувањето.

Доколку не биде доставена трансакциската сметка на доверителот извршителот е должен паричните средства да ги стави во судски депозит.

Претседател на Управен одбор
на Комора на извршители,
Гордан Станковиќ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ СКОПЈЕ

Бул. „ Илинден " бр. 60/2-2 Скопје
Тел: 02 3225 674 Факс: 02 3239 877
e-mail: izvrsitelinarm@yahoo.com